# ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

Списание на студентите на Филозофски факултет




Скопје 2023

Број 25

**ВНАТРЕШЕН ПАТНИК**
**Октомври 2023**

**Издава:**
**Факултетско студентско собрание на Филозфски факултет - Скопје**
**Бул. “Гоце Делчев”бр.9А; 1000 Скопје**
**Тел.+389(0)23116520/230**

**Главен и одговорен уредник**
**Дамјан Бужаровски**

**Редакција**
**Кристијан Димков**
**Дијана Ѓурчиноска**

**Компјутерска обработка**
**Дамјан Бужаровски**

**Првиот број на списанието Внатрешен патник излезе од печат во мај 1995 година**

**ISSN**
**1409-5637**

# СОДРЖИНА

**Воведен збор 3**

**Радован Спиридонов ЗОШТО ФИЛОСОФИЈАТА Е НУЖНА СЕКОМУ!? 4**

**Андреа Младеновска МИРОТ – ДВИГАТЕЛ КОН ИДНИНАТА 6**

**Елена Михајловска НАСИЛСТВО – НОВОТО ДОБРЕДОЈДЕ НА СОВРЕМЕНИТЕ ОПШТЕСТВА 8**

**Кристијан Димков РЕЛИГИЈАТА: КЛУЧЕН ДЕЛ НА ИДЕОЛОШКАТА ХЕГЕМОНИЈА НА ВЛАДЕАЧКАТА КЛАСА 10**

**Сања Аврамоска ЕМОЦИИТЕ СЕ ПОВЕЌЕ ОД ЛИЧНИ – ПОД ПРИЗМАТА НА СОЦИЛОГИЈАТА 12**

**Марија Спасиќ АНАЛИЗА НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА КАКО АКТУЕЛНИ ЗАКАНИ СПОРЕД БЕЗБЕДНОСНИТЕ ПРОЦЕНИ – СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 14**

**Ивана Илиевска, коавтор Ива Димитријевиќ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ КАКО СЕРИОЗЕН БЕЗБЕДНОСЕН И ОПШТЕСТВЕН ПРОБЛЕМ 16**

**АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ 18**

**Хуманитарна акција за помош на жртвите од земјотресот во Турција 18**

**Одбележување на денот на пролетта со еколошка акција организирана од Факултетското студентско собрание 19**

**Меѓународен ден на културното наследство 20**

**Одбележување 151 година од раѓањето на Гоце Делчев 21**

**Учество на меѓунардоната студентска манифестација Филозофијада 22**

**Трета МЕЕТ конференција 23**

# Воведен збор



Студентските собранија се форма на организирање на студентите, чија примарна цел е да ги претставуваат и бранат интересите на колективното студентско тело. Факултетското студентско собрание на Филозофски факултет е тело во кое членуваат претставници на студентите, кои се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање. Студентите можат да сметаат на целосна поддршка од овие организации, особено кога станува збор за нивните права и интереси.

Исто така Факултетското студентско собрание организира студентски конферецнии, научни трибини, дебати и други настани. Особено тука би ја истакнал научната конференција MEET, која веќе прераснува во една традиционална научна студентска конференција на Филозофскиот факултет и на 12 октомври се одржа по трет пат.

Факултетското студентско собрание издава и свое студентско списание Внатрешен патник, кое го гледате пред вас. Првиот број на ова списание излегол во далечната 1995 година. Преку статиите, критиките, изразените ставови и известувањата во ова списание, може да се слушне гласот на студентите.

Покрај Факултетското студентско собрание, на Филозофскиот факултет постојат и неколку други студентски организации како ПСИХЕСКО - здружение на студенти по психологија, АКСИОС - студентско археолошко здружение, КЛИО - клуб на млади историчари, Асоцијација на студенти по социјална работа и Здружение на студенти по специјална едукација и рехабилитација. Оттука, ве охрабрувам активно да се вклучите во работата на факултетот преку овие организации.

**Дамјан Бужаровски**
Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофски факултет - Скопје

# ЗОШТО ФИЛОСОФИЈАТА Е НУЖНА СЕКОМУ!?

Од страна, философијата може да ви изгледа чудна, неважна, здодевна…, а сепак – барем малку – интригантна. Но, кому навистина служат философите? И најпосле, имаме ли потребна од нив?

Одговорот на овие прашања веќе е содржан во самиот збор философија. На старогрчки, фило значи љубов, а софија значи мудрост. Филосфите се луѓе посветени на мудроста. Да се биде мудар значи да се обидуваш да живееш во склад со светот околу себе и личните аспирации. Во нивната потрага по мудрост, философите развија повеќе патишта кои ги испитуваат основните прашања на човековото живеење.

Се издвојуваат некои темелни особености на философијата кои се важни за секој од нас!

-Преиспитување на големи прашања

Денес се соочуваме со безброј големи прашања наоколу: Која е смислата на животот? За што е вредно да се посветиш на работа? Како треба да се уреди општеството? Повеќето од нас одвреме-навреме ги покренуваме овие расправи, но очајнички биваме втурнати во ќорсокак. За среќа философите се луѓе кои не се плашат да поставуваат прашања. Тие низ вековите увиделе дека овие прашања секогаш можат да се поделат на разни дициплини, од кои подоцна се изнедриле останатите општествени науки

-Јавно мислење

Јавното мислење – или она што се нарекува „здрав разум“ е се она за што од пријателите и соседите, работите што ги прифаќате без воопшто да размислуваме. Но, здравиот разум, исто така често е полн со погрешни расудувања и грешки. Философијата нè поттикнува да се откажеме од сите аспекти на здравиот разум кои ги земаме ,,здраво за готово‘‘. Дали е навистина точно она што луѓето го велат за љубовта, парите, децата, патувањето, работата? Философите се заинтересирани да се запрашаат дали идејата е логична - наместо едноставно да претпоставуваат дека мора да биде исправна затоа што е популарна и долго време се задржала во некоја заедница.

-Самоспознание

Мораме да си признаеме дека не сме најспособни правилно да расудиме што се случува во нашите умови. Некој што го сретнуваме е многу досаден, но не можеме да утврдиме каде е проблемот. Или ги губиме нервите, но не можеме лесно да кажеме за што сме толку нервозни. Ни недостасува увид во нашите сопствени задоволства и одбивности. Затоа треба да го испитаме сопствениот ум. Философијата е посветена на самоспознавање - нејзината главна задача - артикулирана од најраниот, најголем философ Сократ е само два збора: Спознај се себеси!

Не сме многу добри во тоа да се преправаме среќни. Ја преценуваме моќта на некои нешта за

кои мислиме дека ќе го подобрат нашите животи - а потценуваме друг. Правиме погрешни избори затоа што, водени од масовниот маркетинг и лажниот гламур, продолжуваме да си замислуваме дека одреден вид одмор, автомобил или компјутер ќе направи поголема разлика отколку што може. Во исто време, го потценуваме придонесот на други работи – како на пример одење на прошетка – што можеби има мал престиж, но може длабоко да придонесе за карактерот на постоењето. Филосoфите се обидуваат да бидат мудри со тоа што ќе бидат попрецизни за активностите и ставовите што навистина можат да помогнат нашите животи да одат подобро.

-Перспектива

Философите се добри во задржувањето на чувството за тоа што навистина е важно, а што не. Кога ја слушна веста дека го изгубил целиот свој имот во бродолом, стоичкиот филозоф Зенон едноставно рекол: „Среќата ми заповеда да бидам помалку оптоварен философ." Токму ваквите одговори го направија самиот термин „философски" синоним за смирено, долгорочно размислување и сила на умот, накратко, има слика за големата перспектива. Мудроста на философијата – во модерните времиња – најчесто се испорачува во форма на книги. Но, во минатото, философите седеа на пазарите, улиците, плоштадите и разговарале за своите идеи со пазарџиите или оделе во владините канцеларии и палати за да даваат совети. Не било чудно личен философ да биде на нечиј платен список. Философијата се сметала за нормална, основна активност - никако како необичен, езотеричен, изборен и здодевен додаток.

Во денешно врем едноставно ги немаме соодветните институции формирани за кохерентно да ја објавуваат мудроста во светот. Меѓутоа, во иднина, кога вредноста на философијата е малку појасна, можеме да очекуваме да сретнеме повеќе филозофи во секојдневниот живот. Тие нема да бидат затворени, живеејќи главно на универзитетски катедри, туку насекаде меѓу нас.

Бидејќи секому од нас е потребно барем за момент да влезе во дијалог со најголемите умови од историјата на човештвото.

***Радован Спиридонов**, Институт за филозофија*

# МИРОТ – ДВИГАТЕЛ КОН ИДНИНАТА



Човековите битија често го поставуваат прашањето за нивната безбедност, а исто така и дали и како мирот може да придонесе кон општа благосостојба. Со постојаните и актуелните (политичко-воени) настани во светот, несомнено се поставува и прашањето околу безбедноста на самите поединци. Овој текст има за цел да прикаже зошто мирот е инструмент за стабилност, но и да поттикне будност во однос на мирот – како неопходна состојба во „немирните општества".

Следејќи го порастот на меѓучовечки и меѓудржавни конфликти, мирот несомнено може да се нарече алатка и механизам преку кој може да се достигне фаза на мирно живеење. Мирот може да се преточи како отсуство на војна и состојба меѓу државите. Но, за да се достигне истиот, несомнено потребни се неколку елементи да се вклопат во мозаикот наречен мир.

Потреба за мир

Пред да се манифестира мирот на пиедесталот, потребно е да се дојде до коренот на прашањето: зошто е потребен мирот? Поради кои состојби? Станува збор за конфликтот. Конфликтот во традиционална смисла е последица на спротивставени интереси меѓу страните кои се засегнати, а многу е важно да се осознае во која фаза е конфликтот. Можеби страните едноставно соработуваат и се изолирани од агресија, меѓутоа, доколку станува збор за манифестен конфликт, тогаш настанува криза и конфликтот ескалира во поголеми размери (криза или војна). Со цел да се одбегне овој стадиум, од суштинска важност е и превенцијата на самите конфликти.

Преку превенција до мир

Превенцијата на конфликтите можеби игра клучна улога за понатамошниот тек на настаните. Најефективна е кога е иницирана и истакната пред екот на конфликтот, односно, во најраниот стадиум. Целта е да се дојде до структурите, т.е. сите економски, социјални, политички, културни, еколошки корени кои водат до дестабилизација.Токму затоа, структурната превенција дава гаранција за долгорочна превенција, која патем била и ќе биде предмет на интерес – секогаш да се дојде до коренот и структурата на конфликтите, со цел творење мир.

Мирот како гаранција за безбедност

Безбедноста на поединците, мора секогаш да е на високо ниво. Без соодветна безбедност, единките можат лесно да се под влијание на разни закани. Ист е случајот и со државите – доколку не се постават добри и соодветни државни безбедносни апарати, состојбата би резултирала со нарушување на територијалниот интегритет, суверенитет и дигнитет на една држава – нешто што во голема мера и во склоп на актуелните политичко- воени настани може да се посочи како пример.

Можеме во одреден момент да замислиме испреплетеност на трите поими: конфликт, безбедност и мир. Доколку мирот го вклучиме непосредно пред еден конфликт да се доведе пред состојба на ескалација, тогаш безбедноста е речиси загарантирана без оглед дали станува збор за човекова, национална или регионална безбедност. Ако само еден елемент се наруши од текот, тогаш единствено што ќе опстои е конфликт кој води во бездна. Конфликтите

никогаш не носат некому добро.

Мирот е клучот за стабилност, а за да се оствари потребна е силна волја. За мирот постои плодна почва за развој тогаш кога постои взаемна доверба, соработка и можност за развој (меѓу единките или меѓу државите). Впрочем, затоа важно е да се цели кон позитивниот мир – оној кој гарантира дека постои отсуство од конфликт или војна, но и дека постои можност за прогрес, просперитет и развој. Мозаикот на мирот ќе биде целосно пополнет во оној момент кога сите овие елементи ќе се надоградат и поврзат меѓусебно, бидејќи мирот придонесува до мирно општество. Мирот е иднината. Мирот поттикнува и инспирира творење. Иднината ќе биде секогаш загарантирана, доколку се цели кон мирот, затоа што мирот е двигател.

**Андреа Младеновска**





# НАСИЛСТВО – НОВОТО ДОБРЕДОЈДЕ НА СОВРЕМЕНИТЕ ОПШТЕСТВА



Насилството е патолошка појава и постојан проблем на човековата цивилизација, кој секој од нас мора да го разбере како симптом, а не прифаќање на патологијата. Иако живееме во 21-ви век, насилството е феномен кој за жал има сеуште стихијски карактер. Сцени од насилство среќаваме насекаде околу нас..во медиумите, на улиците, во нашите семејни домови, во училиштата, на работа, во организациите. Насилството е глобален проблем, чии вистински размери неможе да се измерат, бидејќи последиците од истото се најчесто скриени и тајни.

Под насилство не се подразбира само нанесување на физички повреди врз некого. Многу често насилството се пријавува само тогаш кога има видлива телесна повреда врз телото на жртвата. Удари од некој остар предмет, модринки од шамари, модринки од клоцање, изгореници, скршеници и сл. Но, што правиме со психичкото насилство, економското, сексуалното, вербалното ? Да премолчиме и на нив !?

Психичкото насилство остава најдолготрајни последици врз менталното здравје на човекот. Психолошкото малтретирање претставува емоционално насилство во кое има присуство на игра со емоции и чувства на жртвата. Психичко насилство владее помеѓу интимни партнери, семејни членови, врснички групи, ученици, другари, студенти, колеги. Оние коишто се жртви на овој вид на насилство најчесто го негираат истото. Жртвите многу често не се ни свесни дека се жртви. Интимните партнери знаат да кажат: ,,тој/таа ме сака, се грижи за мене затоа ми вели така”. Врсниците од училиште влијаат врз нивниот соученик на начин што дофрлуваат по него: ,,Ти никогаш неможеш да бидеш како мене, јас сум од тебе повисок, побрз, мене сите ме сакаат, ти никогаш нема да имаш другари како мене- ќе останеш сам”. Насилникот кој практикува ваков облик на насилство, извршува намерен акт за да ја понижи и засрами жртвата. Сопругот често знае да прикрие информации од сопругата, но и да ја изолира од фамилијата и пријателите. Работодавците често си поигруваат со вработените ,,Ти не си способен/а за ништо, една задача неможеш да ја завршиш навремено, денеска остануваш после работно време, до утре мора да е се готово !!” А за ,,возврат” ниту денар повеќе за работа надвор од работното време.




Да го споменеме сексуалното насилство, за кое докажувањето на истото е исклучително тешко поради неговата карактеристична природа. Многу често сексуален напад се извршува врз лица кои не можат да ја разберат природата на сексуалноста, а и не се подготвени истата да ја спречат. Поради малолетна незрелост, децата многу често се жртви на сексуално насилство.

Тие не се моќни да го спречат непосакуваниот акт, но понекогаш и не можат да разберат зошто е тоа погрешно и лошо. Низ генерации и поколенија наназад се провлекува „митот" „За да бидеш на висока и угледна позиција, мораш нешто да дадеш". Во успешни и големи фирми насекаде околу светот, а не ретко и кај нас, жената често е сексуално злоупотребувана од нејзиниот претпоставен, за повисока плата, за да обезбеди егзистенција на нејзиното семејство, бидејќи друг излез нема. Доколку не ги исполни „желбите" на шефот, веднаш следи закана за отказ од работа и: „Никогаш и никаде повеќе никој нема да те вработи".

Да се освестиме еднаш засекогаш. Шамарот од дечкото не значи љубов и галење. Повишениот тон од другарчето не значи грижа за тебе. Заповедите и желбите од шефот не значи дека, доколку не ги исполниш, нема да најдиш повеќе работа никогаш. „Не оди кај твоите, тие не ме сакаат мене" е изолирање од твојата фамилија, а не желба да створите ваша и да се посветите на неа.

Еднаш насилник, засекогаш насилник !!!! Насилството раѓа уште едно насилство !!!

*__Елена Михајловска__, Институт за семејни студии*



# РЕЛИГИЈАТА: КЛУЧЕН ДЕЛ НА ИДЕОЛОШКАТА ХЕГЕМОНИЈА НА ВЛАДЕАЧКАТА КЛАСА



Има премногу дефиниции за тоа што е религија и речиси ниту една не е сеопфатна. Најконцизната дефиниција за тоа што е религија доаѓа од Федерик Фер што вели:"Религијата е нај компрехесивен и интензивен систем на вредности позната за човештвото". Затоа е од голема важност да се направи дистинкција помеѓу религијата како општествена институција и верата како интимно чувство на поединецот во однос на некое онострано битие, бидејќи постојат и религии кои не веруваат во Бог.

Религијата од нејзината концепција претставува моќна алатка во рацете на владеачките елити во едно општество. Во античка Хелада се користеле митови за контрола на населението, на пример Платон во неговото најпознато дело "Држава" вели: "ќе создадеме мит за..." Сите владетели во антички Египет и Рим (императори, фараони) се гледале како директни потомци на боговите - од каде што го црпеле својот легитимитет.

Во т.н мрачен среден век - кој е мрачен токму благодарение на огромното влијание на црквата била создадена доктрината за „Божевствено право на кралевите" која вели дека на кралските семејства им е доделено божевствено право да владеад. Крал Џејмс I вели: „Монархијата е највисокото нешто на земјата. Кралевите не се само поручници на Бог на земјата, кои седат на неговиот престол, туку и самиот Бог нив ги нарекува БОГОВИ."

Ова ја поставува сцената за еден од најголемите мислители на сите времиња: Карл Маркс. Маркс религијата ја сметал за еден од клучните елементи на општествената надградба - чија главна функција е да даде легитимитет на економската база и да ги оправда експлоататорските односи помеѓу пролетеријатот и буржуазијата. Маркс за религијата вели: "Религијата е самосвест и самочуствување на човекот, што или уште не се здобил себеси, или веќе одново се загубил. Но човекот не е апстрактно суштество, што е засолнато некаде надвор од светот. Човекот - тоа е светот на човекот, државата, опшстесвото. Таа држава, тоа општество ја пораѓаат религијата, изопачен поглед на светот, затоа што самите тие се изопачен свет. Религијата е општа теорија на тој свет , неков енциклопедиски компендум, негова логика во популарна форма, негово спиритуалистичко прашање на честа, негов ентузијазам, негова морална санкција, негово свечено надополнување, негова општа основа за утеха и оправдание. Таа ја претвора во фантастична стварност човечката суштина, затоа што човечката суштина нема вистинска стварност. Значи борбата против религијата е индиректно борба против оној свет чиј што духовна арома претставува религијата. Религиската беда и протест против таа вистинска беда. Религијата е издишка на потиснатото суштество, душа на бездушниот свет, како што е таа дух на бездушни прилики. Таа е опиум на народот." Односно Маркс верувал дека религијата е слично како кога на болен или повреден човек ќе му се даде опиум, бидејќи

опиумот ќе му ја намали болката и ќе му даде сила да продолжи, Маркс ја гледал религијата како штетна бидејќи ги превентира луѓето од гледање на класната структура и опресијата околу нив.

Ова марксово гледиште за база и надградба пак ја инспирира теоријата за идеолошка хегемонија што ја воспоставува Антонио Грамши. Односно Грамши теоретизирал дека буржоазијата „победува“ во класната борба не преку насилство туку преку наметнување на своите идеи врз пролетеријатот. Ова никаде не е повеќе видливо отколку во религијата, особено најпопуларните монотеистички религии (кои се во суштина исти). На пример во библијата во псалма на Марко (10:25) каде се вели: „Полесно камила ќе влезе низ иглени уши, отколку богат човек во царството Божјо.“ Со што на сиромашните луѓе им се вели „седете мирни, не правете проблеми и ќе одите во рајот“.

Иако преку идеите за секуларизација која законски постои во поголем број на држави низ светот влијанието на верските институции е намалена, тоа не е ниту приближно доволно за да можеме да говориме дека навистина постои „одвојување на  црквата и државата“. Бидејќи религијата била, е, и во догледна иднина ќе биде клучен дел на идеолошката хегемонија на владеачката класа.

***Кристијан Димков,*** *Институтот за социологија*



# ЕМОЦИИТЕ СЕ ПОВЕЌЕ ОД ЛИЧНИ – ПОД ПРИЗМАТА НА СОЦИЛОГИЈАТА



Не постои универзална дефиниција за емоциите, без оглед која гранка допира до овој феномен. Тие се позадината на чувствата поттикнати од социјалната интеракција, дури и тогаш кога сме оставени сами на себе, со своето “јас“. Давајќи им на емоциите медијанско читање, емоциите не се ниту супстанци ниту состојби; емоциите се појавуваат во делата. Функционално поврзани со физичкиот организам, не можат ниту да се сведат ниту да се објаснат од организмот. Тие се дел од свесните односи, постапки и искуства на своето “јас“.

Ако прашате било кој социолог, какви се емоциите, без колебање ќе каже социјални. Тие се етикетата што ја ставаме на нашите дела и постапки. Обичниот човек ќе рече дека емоциите се лична работа, но несомнено тие се многу повеќе од своина. Социологот во нас се согласува дека емоциите имаат дејство на сигнали. Тие се експресијата на нашата социјална интеракција. Емоциите не се „внатре“ во нашите тела, туку дејствија што ги ставаме во нашиот свет. Исто како што зборовите што ги изговарам се подеднакво „надвор“ колку и туѓите зборови, моите чувства се исто толку „надвор“ како и она што другите го чувствуваат. Тие стануваат мои само кога ќе им одговорам. А сепак, моите чувства се социјални, односно конституирани и одржувани од групни процеси.

Ако ги наречеме социјално конструирани, значи веќе се еткирани и поврзани со чувството во услови кога светот е веќе постоечки концепт.

Од друга страна, се продукт на социјалната интеракција, каде стануваат социјално цврсто поврзани. Токму оваа идеја го оспорува верувањето дека емоциите се лични или индивидуални. Таквата идеја ја зацврствува еден едноставен пример дека не би чувствувале чувство на вина доколку јадењето кутија чоколади секоја вечер е општествено прифатливо. Затоа се смета дека емоциите не се универзални за секој поединец. Дали сепак тие треба да бидат изолирани, дефинирани, набљудувани и разбрани како нешта сами по себе? Можеме ли да ограничиме посебна, автономна област на емоции каде чувството и страста - алчноста, гневот,



бесот, нежноста - се мерат и просејуваат како брашно? И покрај секојдневната перцепција на емоциите како микро-настани или конструкции, социолозите рутински го илустрираат степенот до кој емоциите не се поврзани само со нечија позиција на социјалната структура, туку и како емоциите, особено преку нивното управување и нивното изразување, служат за репродукција на општеството. во кои се вградени поединци.

Сметам дека емоциите не се само инстинктивни изрази, туку често се управувани од социолошки принципи. Емоциите се под влијание на улогите што ги играме, статусите што ги заземаме и односите што ги споделуваме. Ние управуваме со нашите емоции додека комуницираме со луѓето секој ден. Емоциите колку што се и лични и индивидуални, толку се и социјални, па дури и биолошки и човечки создадени. Билошки, бидејќи сепак ги создава организмот како одговор на чувствата што растат во телото. Тие се од човекот создадени, токму бидејќи се социјално конструирани во општеството. А не да ја спомнуваме културата – како ќе ги перцепираме емоциите, зависи од тоа како сме воспитани.

Ние како поединци не можеме да ги разбереме емоциите, особено без да ги научиме, без да ги интерпретираме, да ги изведеме и на крај општеството да нè разбере. Сето ова е продукт на социјалната интеркација, а сите ние сме активен вид, учиме едни од други. Колку и да се верува дека емоциите се лични и индивидуални, толку повеќе социјалогијата може да го стави под знак прашалник ова верување и да покаже колку се тие социјални.

***Сања Аврамоска**, Институт за социологија*



# АНАЛИЗА НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА КАКО АКТУЕЛНИ ЗАКАНИ СПОРЕД БЕЗБЕДНОСНИТЕ ПРОЦЕНИ – СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Брзите и динамични промени кои го карактеризираат денешниот свет со себе носат непредвидливи и опасни ризици односно ризици по државата и општеството во целина. Речиси не посто и држава која денеска не се соочува со некоја закана која е насочена кон националната безбедност. Војната повеќе не преставува неочекувана закана, а невоените закани не само што се разновидни туку се зголемија и во простор и во време. Како и глобализацијата во светот, покрај предности донесе и големи закани како: тероризмот, корупцијата поттикнати од јазот меѓу богатите и сиромашните а покрај нив развојот го доживеа и илегална миграција, илегална трговија со оружје, дрога и луѓе итн. Република Северна Македонија, како и останатите земји, не е имуна на се почестите закани и соодветно на тоа, самата држава и нејзините претставници и институции се должни да подготват соодветна стратегија со која успешно ќе се борат со различни типови на закани. Како едни од актуелни закани според безбедносните процени во однос на нашата држава се организираниот криминал и корупција.

Организираниот криминал и корупција се транснационални закани кои со текот на времето се повеќе ја добиваат својата тежина, додавајќи ја се поголемата прекугранична соработка и  миграции на народите. Организираниот криминал преставува се почест предизвик за демократското општество особено онаму каде има простор да навлезе додека под корупцијата се најчесто подразбира противзаконско користење на општествената положба и моќ за лична корист. Па како такви, тие претставуваат сериозен глобален проблем во општеството како закана за човековата безбедност, сериозен проблем и за  државната безбедност, претставуваат кочница во многу други општествени односи, ги напаѓаат јавните, финансиските и безбедносните институции.  Корупцијата во нашата земја се смета како сериозен проблем со години наназад и како таква таа е длабоко присутна во нашата држава и тоа во сите јазли во општеството. Како најкорумпирани се истакнуваат судиите, царината и полицијата. А, свесноста кај населението од постоење и нејзино навлегување во многу различни сектори во земјата се повеќе се зголемува. Доколку ја анализираме состојба на Република Северна Македонија и фактот дека организираниот криминал може да се поврзе со преставниците на државната власт, па со моќта и позицијата која ја поседуваат, тие ја користат како дозвола за влез на различни средства и за дозвола на остварување на различни дејства кои по легален пат не можат да ги остварат. Покрај сите активности на организираниот криминал како што се: трговија со луѓе, трговија со дрога, криумчарење на мигранти итн, во нашата држава активноста на перење на пари бележи такви случаи кои можат да доведат до разурнување на финансиските институции. Секако, овие две сериозни закани се меѓусебно поврзани преку петте ниво, а начините се разновидни преку директно влијание на избор на највисоките државни функции, па до ситен поткуп на службеник. Оттука, се јавува и потребата  од меѓудржавна и меѓународна соработка за ефикасна борба против овие закани.

Сериозноста од негативно влијание на организираниот криминал и неговите облици како и корупцијата врз општеството ќе доведе до нарушување на демократија како и нејзин развој,



разнишување на постоењето на држава, тоа ќе влијае и врз нарушување на човековите права, а воедно и поткопување на владеењето на законите во државата. Нивното присуство е забележано во секое од општествата, и нема целосна победа кон нивни последици но сепак преку добри превентивни мерки и стратегија истите можат да се намалат. Затоа е потребна сеопфатна правна рамка со која ќе се овозможи сузбивање на овие штетни појави а тоа воедно значи и намалување негативно влијание на други појави кои ја загрозуваат стабилноста на една држава.

***Марија Спасиќ,*** Институт за безбедност, одбрана и мир

# ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ КАКО СЕРИОЗЕН БЕЗБЕДНОСЕН И ОПШТЕСТВЕН ПРОБЛЕМ

Трговијата со луѓе е комплексен, општествен, повеќедимензионален, криминален и социјален проблем со кој се кршат основните човекови права и слободи на жртвите. Во процесот на трговија со луѓе најсурово се искористува човечкото тело и труд при што на жртвите им се прекршува правото на слобода, здравје, работа, образование и безбедност со единствена цел - економска корист. Трговијата со луѓе е профитабилна криминална активност, се смета дека е трета најпрофитабилна дејност на организираниот криминал, по трговијата со дрога и трговијата со оружје.



Член 3 од Протоколот на ОН, попознат како протокол во Палермо, ја дефинира трговијата со луѓе како: „Трговија со луѓе е врбување (регрутирање), транспорт, трансфер, заштитување или прием на лица, со помош на закана или употреба на сила или други форми на принуда, грабнување, измама, лага, злоупотреба на моќ или злоупотреба на положбата на ранливост или на давање или добивање исплата или корист за да се постигне согласност на лице што има контрола врз друго лице, заради целта на експлоатација“.

Не постои единствен профил на жртва на трговија со луѓе. Жртва на трговија со луѓе може да биде секој - без разлика на расата, бојата на кожата, националното потекло, попреченоста, религијата, возраста, полот, сексуалната ориентација, родов идентитет, социо-економскиот статус, нивото на образование или статусот на државјанство.



Според начинот на извршување, трговијата со луѓе се одликува со применување суптилни средства за регрутирање, за подоцна во времето на експлоатација да се користи насилство.

Експлоатацијата на жртвитите може да биде во облик на: сексуална експлоатација, принудна работа, должничко ропство, домашно ропство, трговија со луѓе со цел отстранување и продажба на органи, принудно питачење, злоупотреба на децата како војници, принуден брак и слично.

Трговците се приспособуваат на технолошките промени и ги користат сите можни средства за да работат на повеќе локации истовремено користејќи интернет.

Жртвите во процесот на трговијата со луѓе се злоупотребуваат и експлоатираат во специфични услови што може да резултира со краткорочни и долгорочни, полесни или потешки, психички и физички повреди, болести и инфекции, особено полово преносливи или ХИВ-вирус, а понекогаш тоа оди дотаму што резултира дури и со инвалидитет и смрт.

Симптомите како анксиозност, депресија, дезориентација, агресија и тешкотии со концентрацијата се директна последица  од дологорочните и повторувачките трауматски искуства што ги искусиле жртвите. Студиите укажуваат на тоа дека повредите и траумите стекнати во процесот на трговијата со луѓе можно е да се присутни долго по излегувањето на лицето од ситуацијата на експлоатација, особено ако не е обезбедена соодветна поддршка и советување.

Рехабилитацијата и реинтеграцијата на жртвите од трговијата со луѓе е долгорочен и ком-

плексен процес кој со сигурност не може да гарантира успех. Дури и кога физичките проблеми можат да се решат, траумата и психолошката штета го отежнуваат целиот процес на заздравување кој и онака е дополнително отежнат од проблемите со достапноста на услугите.

Поради горенаведените причини и сериозни последици од трговијата со луѓе, потребно е да се посвети поголемо внимание од страна на сите институции/организации во идентификација и решавање на проблемот на национално и меѓународно ниво, бидејќи безбедноста на граѓаните е една од фундаменталните потреби и права и интегрален дел на квалитетно живеење.

„Ниеден граѓанин не смее да биде толку богат за да може да купи друг, ниту пак, толку сиромашен, за да мора да се продаде" - Жан Жак Русо

***Ивана Илиевска**, Институт за безбедност, одбрана и мир*

коавтор ***Ива Димитријевиќ**, Институт за безбедност, одбрана и мир*

# Активности на Факултетското студентско собрание



## Хуманитарна акција за помош на жртвите од земјотресот во Турција



Во Турција на 06.02.2023 година се случи катастрофален земјотрес. Факултетското студентско собрание на 8 и 9 февруари организираше хуманитарна акција за помош на настраданите во истиот. Како резултат на хуманитарната акција, благодарејќи на хуманоста на студентите од Филозофскиот факултет беше собрана голема количина на храна, топла облека, хигиенски средства и сл. кои потоа беа испратени во Република Турција.





# Одбележување на денот на пролетта со еколошка акција организирана од Факултетското студентско собрание





По повод Меѓународниот ден на културното наследство 18 април, на Филозофски факултет беше одржано предавање и дискусија, како и посета на Археолошкиот музеј на Филозофскиот факултет.





Меѓународен ден на културното наследство



## Одбележување 151 година од раѓањето на Гоце Делчев



По повод 151 година од раѓањето на Апостолот на Македонската револуционерна борба - Гоце Делчев, традиционално делегација од професори и студенти од Филозофскиот факултет, меѓу кои беше и претседателот на Факултетското студентско собрание, положи цвеќе пред неговото вечно почивалиште.



Од 4 до 8 мај се одржа меѓународната манифестација Филозофијада на која учествуваа и студенти од нашиот факултет. Покрај нашиот факултет учествуваа и студенти од Белград, Нови Сад,





Крагуевац, Ниш, Никшиќ, Сплит, Осиек, Риека, Загреб, Софија, Зеница и Косовска Митровица. Нашите колеги учествуваа во натпреварите по футсал, пинг понг, кошарка, шах, дебата, квиз на знаење итн. Притоа освоивме прво место во Футсал.



# Трета МЕЕТ конференција



По една година пауза на 12 октомври се одржа студентската научна конференција МЕЕТ. За конференцијата постоеше голем интерес и беа доставени навистина квалитетни научни трудови. Покрај учесниците од Филозофски факултет, беа присутни и учесници од другите факултети од УКИМ, но и од другите универзитети во земјава. Исто така на конференцијата учествуваа и студенти од втор и трет циклус на студии. МЕЕТ конференцијата веќе прераснува во една традиционална студентска конференција на Филозофскиот факултет и нешто што е препознатливо за нашиот факултет.

Во рамките на конференцијата беше одржана и работилница за оние студенти кои за прв пат пишуваат научен труд, сè со цел да се запознаат со тоа како се пишува научен труд, методологијата на пишување на вакви трудови и сл.

